СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 02 година LIV

02 февруари 2018 година

Бр.8

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/1
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевскис.р.

Врз основа на член 39, став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/03, 03/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01. 2018 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес.

Документацијата за донесување на деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр.111/15, 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

Член 2

Планскиот опфат за кој се изработува Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес, со основна класана наменанаповршини А2 домување во станбени згради- соповршинаод 1.44 ха.

Граници на опфатот се :

-На запад – по осовина на постојна ул.”Бр.4”, ја сече КП 16887/1 и КП 18364/1;

-на исток – осовина на железничка пруга;

-на југ – по осовина на постојна ул.”бр.1” и

-на север – по граница на КП 16879 и ја сече КП 18364/1.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Предлог Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес

· Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје бр.24-10539/2 од 22.11 2017 год.

· Извештај од Јавната презентација и Јавната анкета Со прифатени и неприфатени забелешки на Предлог Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес.

Член 4

За Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес, преку системот е - урбанизам добиена е согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје бр. 24-10539/2 од 22.11 2017 год.

Член 5

Измената и дополнувањето на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет - дел од урбана единица 7 Алексо Демниевски - дел од урбан блок 38 - Општина Велес,го спроведува Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај, патишта, локален економски развој и информатичка технологија.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-581/2
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.9

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на намена на дел од објект од КП 4810 сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на намена на дел од објект од КП 4810 сопственост на Општина Велес,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/2
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ"бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на намена на дел од објект од КП 4810 сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на намена на дел од објект кој е утврден на КП 4810 за КО Велес, во сопственост на Општина Велес и ги опфаќа просториите од делот на кино салата, забележани од ул. „Цар Самоил".

Член 2

Просториитеутврдени во член 1 на оваа Одлука се наменуваат за библиотека.

Член 3

Над кино-салата согласно ДУП за Централно градско подрачје на град Велес да се предвиди изградба на деловен простор и паркинг.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да пристапи кон изработка на потребната проектна документација.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-581/3
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.10

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на намена на паркинг простор на КП 5142, КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на намена на паркинг простор на КП 5142, КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/3
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на намена на паркинг простор на КП 5142, КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на намена на паркинг простор на КП 5142, КО Велес.

Член 2

Паркинг просторотутврден во член 1 на оваа Одлука се наменува за катна гаража во стил на стара велешка архитектура, со влез од ул.„8-ми Септември“ и ул. „Коле Неделковски“ .

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да пристапи кон изработка на детален урбанистички план, урбанистичко-проектна документација и потребната проектна документација.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-581/4
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.11

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на намена на паркинг простор на КП 2689/1, КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на намена на паркинг простор на КП 2689/1, КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/4
01.02.2018год.
Велес

РАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес(„Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на намена на паркинг простор на КП 2689/1, КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на намена на паркинг простор на КП 2689/1, КО Велес.

Член 2

Паркинг просторотутврден во член 1 на оваа Одлука се наменува за подземна катна гаража на 2-нивоа. Додека горниот простор се наменува за градски плоштад, кој во зимски период би се користел како лизгалиште.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да пристапи кон изработка на детален урбанистички план, урбанистичко-проектна документација и потребната проектна документација.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-581/5
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.12

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2017 година

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2017 година,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/5
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 86, став 1 од Изборниот законик („Службен весник на РМ” бр.40/06.....125/17) и член 45, став 1, од Статутот на Општината Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.12/03, 03/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2017 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори во 2017 година.

Член 2

На организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес, а кои во законскиот утврден рок поднеле извештаи за трошоците што се однесуваат на изборната кампања, им се утврдува следниот износ на надоместок:

Социјалдемократски сојуз на Македонија .... 454.785,00 ден
ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство..... 185.085,00 ден
Демократска Унија за Интеграција .... 6.585,00 ден
Политичка Партија „Левица“. 16.260,00 ден

В к у п н о: 662.715,00 ден.

Член 3

Средствата во износ од 454.785,00 денари за освоени гласови кандидати за совет и градоначалник на Социјалдемократски сојуз на Македонија да се префрлат на жиро-сметка на организаторот.

Средствата во износ од 185.085,00 денари за листа на кандидати за совет и градоначалник на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, да се префрлат на на жиро-сметка на организаторот.

Средствата во износ од 6.585,00 денари за освоени листа на кандидати за совет на Демократска Унија за Интеграција да се префрлат на жиро-сметка на организаторот.

Средствата во износ од 16.260,00 за освоени гласови за кандидати за совет наПолитичка Партија „Левица“ да се префрлат на жиро-сметка на организаторот.

Член 4

Надоместокот утврден во член 2 од оваа Одлука ќе биде исплатен од Буџетот на Општина Велес за 2018 година

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-581/6
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.13

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за основање група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општина Чашка

Се објавува Одлуката за основање група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општина Чашка, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/6
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевскис.р.

Врз основа на член 66 од Законот за заштита на деца („Сл. весник на РМ бр.23/13) член 14 од Законот за локалната самоуправа (Сл весник на РМ бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09, 18/10 и 15/14), а во согласност со Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 01/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година донесе

Одлука за основање група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општина Чашка

Член 1

Со оваа Одлука се основа група за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст во Општина Чашка.

Член 2

Групата ќе биде хетерогена со деца од 2-6 години, за кои ќе се грижат две воспитувачки, две негувателки, еден помошен готвач(садомијач) и еден хигиеничар, кои ќе бидат дел од ОЈУ за деца Детската градинка „Димче Мирчев“ Велес. Начинот на услугата за згрижување и воспитување на децата, ќе се врши согласно Правилникот за начинот на давање на услуги на јавна детска градинка во други просторни услови.

Член 3

Згрижување и воспитување на децата од групата, ќе се врши во новоотворени просторни услови обезбедени и уредени од страна на Општина Чашка.

Воспитување на децата од групата, ќе се врши согласно Програмата за целодневен престој на ОЈУ за деца Детската градинка „Димче Мирчев“ Велес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-581/7
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.14

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за Општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за Општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/7
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ “ бр. 68/04 ..... 71/16) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/03, 03/09,18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година. донесе,

О Д Л У К А
З А О П Ш Т И Н С К И Л И Н И С К И П Р Е В О З Н А П А Т Н И Ц И В О О П Ш Т И Н А В Е Л Е С

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува општинскиот линиски превозот на патници како комунална дејност од јавен интерес, во Општина Велес.

Член 2

Советот на Општината Велес го уредува општински линиски превоз како јавен превоз на патници при што особено утврдува:

1.единствена мрежа на линии,

2. возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,

3.начин на негово организирање на контролата на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа,

4.тарифен систем и систем на наплата,

5. локација на автобуските свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена,

6. изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските свртувалишта и стојалишта,

7. документација за вршење на општински линиски превоз на патници,

8. критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз,

9. надзор.

II ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ

Член 3

Во Општина Велес, во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствената мрежа на линии:

Ред. бр.	Број на линијата	Име на линијата	Траса на линијата
1	2	3	4
1	1	**Долни Дуќани - Автобуска станица - Превалец**	
		Насока: Долни Дуќани - Автобуска станица - Превалец	Преку улиците: „Димко Најдов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“ и „Благој Ѓорев“
		Насока: Превалец - Автобуска станица - Долни Дуќани	Преку улиците: „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Димко Најдов“
2	2	**Автобуска станица - Железничка станица - Автобуска станица**	Преку улиците: „Петре Прличков“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември “, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“
3	3	**Автобуска станица - Којник - Автобуска станица**	Преку улиците: „Петре Прличков“, „Анѓел Мишев“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „Наум Наумовски-Борче“, „Благој Ѓорев“,„Васил Ѓоргов“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“
4	4	**Велес – Раштани до нови гробишта Велес**	Преку улиците: „Димко Најдов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, “Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „Луј Пастер“.
5	5	**Велес - Чолошево - Велес**	Преку Трпезица
6	6	**Црквино – Велес - Црквино**	Преку Венуле и Бабуна
7	7	**Караслари - Велес - Караслари**	Преку Бабуна
8	8	**Иванковци - Велес – Иванковци**	Преку Мамутчево
9	9	**Бузалково - Велес - Бузалково**	Преку с.Раштани и улиците: „Раштански пат“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“ и во обратен правец
10	10	**Оризари - Велес - Оризари**	Преку Свилара и Превалец и по улиците „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“ и во обратен правец
11	11	**Кумарино - Велес - Кумарино**	Преку Сујаклари, Отовица, Башино Село и улиците „Академик Панче Давечев“, „Димитар Влахов“, „Петре Прличко“ и обратно
12	12	**Башино село - Велес - Башино село**	Од Башино село преку улиците: „Вардарска“, „Наум Наумовски Борче“, „Благој Ѓорев“, „8-ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“

Член 4

Превозот на патници согласно утврдената мрежа на линии од член 3 од оваа Одлука го организира Општина Велес како единствен техничко-технолошки, економски и сообраќаен систем.

Член 5

Превозниците, урбаните заедници, месните заедници, други институции и граѓните можат да иницираат отворање на нови линии што не се содржани во мрежата на автобуски линии, продолжување и скратување на постојните автобуски линии.

За отворање на нови, продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии одлучува Советот на Општина Велес на предлог на градоначалникот ако се исполнети неопходните сообраќајно-технички и економски услови.

Член 6

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и име. Називот на линијата се означува со името на почетно-крајното свртувалиште. Бројот и називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта и автобуските свртувалишта.

Бројот и називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

Член 7

Општинскиот линиски превоз се врши со возила со минимум од 8+1 седиште кои ги исполнуваат посебно-техничките експлоатациони услови за вршење на превоз на патници.

Член 8

Возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници на надворешните бочни страни имаат натпис со називот и заштитниот знак на превозникот, испишан на бела основа со црна боја со кирилско писмо на македонски јазик.

Возилата со кои се врши општински линиски превоз на патници можат да имаат и рекламни натписи.

Рекламните натписи на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

Член 9

Автобусите во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1. Бројот на регистрирани места за седење и стоење,
2. Натпис и ознака „забрането пушење“,
3. Натпис со содржина „седиштата првенствено се наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе“,
4. Обележување на вратите за влез и излез на патниците.

III. ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 10

Возниот ред, преставува дефиниран и јавен документ за работа на возилата во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Велес.

Член 11

Работата на возилата на определена линија се одвива според регистриран и заверен возен ред.

Возниот ред го регистрира Градоначалникот на Општина Велес.

Возниот ред и линијата се регистрираат на име на превозникот и неможат да се пренесуваат на друг превозник.

Член 12

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајни свртувалишта, време на доаѓање и поаѓање на возилата на почетно-крајните свртувалишта и рок на важење.

Член 13

Возниот ред го истакнува превозникот на почетно-крајните свртувалишта и во возилото и на попатните станици.

Член 14

Качувањето и слегувањето на патниците се врши само на автобуските стојалишта согласно со завереният и регистриран возен ред.

Член 15

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.

Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган и јавноста преку средствата за јавно информирање.

IV. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

Член 16

Контролата на сообраќајот на автобусите и линиите ја врши превозникот преку сопствената служба за контрола, како и овластен инспектор за патен сообраќај на општината.

Евиденцијата за прибирање, обработување, чување и посредување со податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз, регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници врши надлежниот општински орган.

V. ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

Член 17

Во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

Член 18

Системот на наплата ќе се применува преку продажба на билети на автобуската станица и продажба на билети во возилото.

Цената на билетот купен на Автобуската станица и во возилото е иста.

Член 19

За превозните услуги превозникот може да издава и претплатни билети (месечни и годишни).

Член 20

Ценовникот го утврдува и објавува превозникот и за тоа го известува надлежниот општински орган.

Член 21

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има поништен билет, претплатен билет, или друга возна лигитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е поништен за време на користење на услугата, исправен претплатен билет или друга исправна возна лигитимација.

VI. ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 22

Автобуски свртувалишта лоцирани на подрачјето на Општина Велес се:

1. Превалец
2. Железничка станица
3. Бузалково
4. Кумарино
5. Црквино
6. Иванковци
7. Чолошево
8. Караслари
9. Оризари
10. Башино Село

Попатни автобуски стојалишта за општински линиски превоз на патници:

Ред. Бр.	Број и име на линии за општински линиски превоз	Локации на почетни, попатни и крајни стојалишта во насока:	Локации на почетни, попатни и крајни стојалишта насока:
1	**1 Долни Дуќани - Автобуска станица – Превалец и обратно**	Долни Дуќани - Автобуска станица - Превалец преку улиците: „Димко Најдов“, „Петре Прличко“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8 -ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Борис Трајковски“, „11-ти Октомври“, „Андон Шурков“ и „Благој Ѓорев“	Превалец - Автобуска станица - Долни Дуќани преку улиците: „Благој Ѓорев“, „8 -ми Септември“, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“, „Димко Најдов“
		• Долни дуќани • Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Жито Вардар • Надвозник на битолска пруга • Споменик АД Бауман • Касарна • Детска градинка клон 4 • Комлекс згради Т2 • Превалец	• Превалец • Комплекс згради Т2 • Детска градинка клон 4 • Трговски центар • Комплекс згради „Бисер“ • Театар • С`рмаале • Автобуска станица • Долни Дуќани
2	**2. Автобуска станица - Железничка станица - Автобуска станица**	кружна линија преку улиците: „Петре Прличков“, „Кресненско востание“, „Димитар Влахов“, „Илинденска“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8 -ми Септ ември “, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, „Наум Наумовски -Борче“, „Благој Ѓорев“, „8 -ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“	
		• Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Железничка станица • Театар • С`рмаале • Автобуска станица	
3	**3. Автобуска станица - Којник - Автобуска станица**	кружна линија преку улиците: „Петре Прличков“, „Андреа Нешов“, „8-ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“,„8 -ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „Наум Наумовски -Борче“, „Благој Ѓорев“, „Орце Мартинов“, „Васил Ѓоргов“, „8 -ми Септември “, „Илинденска“, „Димитар Влахов“, „Кресненско востание“, „Петре Прличко“	
		• Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Којник • Театар • С`рмаале • Автобуска станица	

4	**4. Велес - Раштани (нови гро бишта) - Велес**	Велес - Раштани (нови гробишта) преку улиците: „Димко Најдов“, „8 -ми Септември“, „Гоце Делчев“, „Страшо Пинџур“, „8-ми Септември“, „А.Д.Бауман“, „АСНОМ“, “Борис Трајковски“, „11 -ти Октомври“, „Андон Шурков“, „Благој Ѓорев“, „Луј Пастер“, „Раштански пат“	Раштани (нови гробишта) – Велес преку улиците: „Раштански пат“, „Луј Пастер“, „Благој Ѓорев“, „8 -ми Септември“, „Димко Најдов“,
		• Долни дуќани • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Жито Вардар • Надвозник на битолска пруга • Споменик АД Бауман • Касарна • Детска градинка клон 4 • Нови гробишта	• Нови гробишта • Детска градинка клон 4 • Трговски центар • Комплекс згради „Бисер“ • Театар • С`рмаале • Долни Дуќани
5	**5. Велес - Чолошево - Велес**	Велес – с.Чолошево	с.Чолошево - Велес
		• Автобуска станица • Трпезиџа • с.Дурутовец • с.Чолошево	• с.Чолошево • с.Дурутовец • Трпезица • Автобуска станица
6	**6. Црквино – Велес - Црквино**	с.Црквино - Велес	Велес - с.Црквино
		• с.Црквино • Бабуна • Венуле • Долни дуќани • Автобуска станица	• Автобуска станица • Долни дуќани • Венуле • Бабуна • с.Црквино
7	**7. Караслари - Велес - Караслари**	с.Караслари - Велес	Велес - с.Караслари
		• с. Караслари • Бабуна • Долни Дуќани • Автобуска станица	• Автобуска станица • Долни Дуќани • Бабуна • С. Караслари
8	**8. Иванковци – Велес - Иванковци**	с.Иванковци - Велес	Велес - с.Иванковци
		• С.Иванковци • с.Мамутчево • Автобуска станица	• Автобуска станица • с.Мамутчево • с.Иванковци
9	**9. Бузалково - Велес - Бузалково**	с.Бузалково - Велес	Велес - с.Бузалково
		• с.Бузалково • с.Раштани • Гробишта • Ф-ка Киро Ќучук • Трговски центар • Комплекс згради „Бисер“ • Театар • С`рмаале • Автобуска станица	• Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Жито Вардар • Надвозник на битолска пруга • Споменик АД Бауман • Ф-ка Киро Ќучук • Гробишта • с.Раштани • с. Бузалково

10	**10. Оризари – Велес - Оризари**	с.Оризари - Велес	Велес - с.Оризари
		• с.Оризари • Свилара • Превалец • Комплекс згради Т2 • Детска градинка клон 4 • Трговски центар • Комплекс згради „Бисер“ • Театар • С`рмаале • Автобуска станица	• Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Жито Вардар • Надвозник на битолска пруга • Касарна • Детска градинка клон 4 • Комплекс згради Т2 • Превалец • Свилара • с.Оризари
11	**11. Кумарино - Велес - Кумарино**	с.Кумарино - Велес	Велес - с.Кумарино
		• с.Кумарино • с.Сујаклари • с.Отовица • с.Башино село • Автобуска станица	• Автобуска станица • с.Башино село • с.Отовица • с.Сујаклари • с.Кумарино
12	**12. Башино село - Велес – Башино село**	с.Башино село - Велес	Велес - с.Башино село
		• с.Башино село • Шорка • Театар • С`рмаале • Автобуска станица	• Автобуска станица • Основен суд • Спортска сала „Гемиџии“ • Шорка • С.Башино село

VII. ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

Член 23

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и користењето на свртувалиштата и стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши и уредува наделжниот општински орган.

Член 24

Автобуските стојалишта и свртувалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште и автобуското свртувалиште како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта, намената за застанување на автобусите, се обележува со стандардната ознака БУС со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележување на улиците.

Член 25

Автобуските стојалишта и свртувалишта треба да имаат:

1. Настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. Број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат на основното стојалиште или свртувалиште ;

Автобуските стојалишта и свртувалишта можат да имаат и:

1. Урбана опрема
2. Рекламни паноа
3. Други содржини

Член 26

Надлежниот општински орган може да го определува со посебен акт видот и материјалот на опремата и другите содржини на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата.

Член 27

Опремата за автобуските стојалишта и свртувалишта под услови и во согласност на надлежниот орган на општината може да се користи за реклама, пропаганда и известување.

Член 28

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема на автобуските стојалишта и тоа по 3 000 денари за издадена дозвола за линија по примерок.

VIII. ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Член 29

Општински линиски превоз на патници во Општина Велес го вршат превозници врз основа на лиценца и изводи од лиценца за секое возило поединечно издадени од градоначалникот на општината.

Превозникот кој има лиценца и изводи од лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со врешење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определената линија кај градоначалникот на општината.

Лиценцата, изводите од лиценцата, регистрирање на возниот ред и дозволата , се издаваат со рок на важење согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 30

За добивање на лиценца и извод од лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници превозникот треба да ги исполнува критериумите согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 31

При вршењето на општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има извод од лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

IX. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ И РАСПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА ЛИНИИТЕ НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

Член 32

Распределбата на линиите по превозници, ќе се врши согласно критериумите пропишани со оваа Одлука.

Постапката за распределба на линиите, со Објава ќе ја спроведе 5-то члена комисија формирана од градоначалникот.

Комисијата во рок од 30 дена по завршувањето на објавата за својата работа поднесува извештај до Градоначалникот на Општина Велес како и предлог листа на доделени линии на превозниците.

Врз основа на предлог листата Градоначалникот во рок од 15 дена донесува решение за избор на доделени линии на превозниците.

Член 33

При распределбата на линиите ќе се води сметка превозникот да ги исполнува критериумите според следниот редослед:

- има поголем број сопствени регистрирани автобуси;
- има соодветна опрема во просторот за одржување и поправка на автобусите;
- најниска просечна старост на автобусите;
- поголем број на вработени;
- соодветен стручен кадар за квалитетно одржување и поправки на автобусите како и за квалитетно вршење на превозот;
- располага со соодветен паркинг за возила;
- најдолго време врши јавен превоз на патници и
- најниска понудена цена.

Член 34

Постапката за добивањеи одземање на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Велес опфаќа одделни дејствиа со кои определено правно или физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и регистриран возен ред.

Член 35

Превозникот поднесува барање за издавање на дозвола и регистрирање на возен ред за определена линија во општинскиот линиски превоз на патници до Градоначалникот на Општина Велес.

Кон барањето превозникот приложува решение со кое му е доделена линијата.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. Побарање на превозникот може да се издадат и повеќе примероци.

Член 36

Дозволата за општински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

Член 37

Барањето за издавање на дозвола за општински линиски превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

- нема лиценца и извод од лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници;
- не достави решение за доделување на линија.

Член 38

По истекот на рокот за кој е издадена дозволата, истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 30 дена пред истекот на рокот на дозволата.

Член 39

Дозволата нема да се продолжи ако истекол рокот на важноста на лиценцатаза вршење на општински линиски превоз на патници.

Член 40

Дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници на превозникот може да му се одземе со Решение од Градоначалникот и пред истекот на рокот на нејзината важност ако:

- престанала важноста на лиценцата за вршење на општински линиски превоз на патници или лиценцата и изводите од лиценцата се одземени од надлежниот орган на општината;
- превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена;
- превозникот не се придржува на регистрираниот возен ред, редовно не ја одржува линијата, самоиницијативно ја менува трасата на линијата, качува и слегува патници надвор од автобуските постројки согласно регистрираниот возен ред.
- на барање на превозникот;

Член 41

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се види дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

X. НАДЗОР

Член 42

Надзор над законитоста на работата на превозниците што вршат општински линиски превоз на патници врши надлежниот општински орган.

Член 43

Инспекциски надзор над примената на одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и одредбите на оваа Одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на општината.

Член 44

Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Велес се должни на овластените инспектори за патен сообраќај на општината, да им овозможат вршење на инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја остават на увид потребната техничка и друга документација.

Член 45

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Превозниците кои вршат превоз на патници во општинскиот линиски сообраќај во Општина Велес, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука, во рок одтри месециод денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 47

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр.4/05; 11/05; 14/05, 1/06 и 10/08).

Член 48

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-581/8
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.15

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесувањена Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018година

Се објавува Заклучокот задонесување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018година, што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/8
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевскис.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2018година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-581/9
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16и 163/16) и член 45 став1 од Статутот на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2018 година донесе

П РО Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

1. Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година („Службен гласник на Општина Велес”бр.19/17) се врши следнава измена:

Во глава II –„Планирање“,точка 4 “Планирани за изработка се следните планови:“ Во табелата после реден бр. 16 текстот во табелата се додаваат нови редови со следниот текст:

17	Измена и дополна на Детален урбанистички план за урбан блок 42 урбана единица 7, локалитет Касарна, Општина Велес
18	Детален урбанистички план за дел од урбан блок 52 урбана единица 10, (Малина) Општина Велес
19	Детален урбанистички план за дел од урбан блок 47 урбана единица 9, Општина Велес
20	Детален урбанистички план за дел од урбан блок 36 урбана единица 6, помеѓу улиците ул. „Благој Ѓорев“, ул. „Тодор Јанев“ и ул. „8 –ма Велешка Бригада“ Општина Велес
21	Детален урбанистички план за УЕ 11, УБ 54 Општина Велес
22	Урбанистички план вон населено место за м.в. Друм, КО Отовица, Општина Велес, со намена А4

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-581/9
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.16

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2018година

Се објавува Заклучокот задонесување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2018година, што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 30.01.2018 година.

Број 08-597/9
01.02.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06,03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2018година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес за 2018година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-581/10
31.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпадот ("Сл. весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2018 ГОДИНА

I.ВОВЕД

Законските обврски во управувањето со отпад општината го имплементира преку спроведување на Годишни програми за управување со отпад.

Со Програмите за управување со отпад се определуваат мерките, активностите, инструментите за спроведување на програмите и изворите на финансирање.

I.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Велес е општината да продолжи со систематизирано спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпадот.
Специфична цел на Програмата е да определи конкретни мерки и активности што треба да се превземат во тековната година за подобрување на општата состојба во управување со отпадот и заштитата на животната средина.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма се планираат активности за:

-Интервенција во системот за собирање на комунален, комерцијален, индустриски неопасен отпад и отпад од пакување;

-Расчистување на дивите депонии;

-Превенција од отпад;

-Промоција и имплементација на 3Р(редуцирај, реупотреби, рециклирај) во домаќинствата и комерцијалниот сектор,

-Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Програмата/Планот за управување со отпад;

-Регионалниот пристап за управување со отпадот;

-Се утврдува надзорот во спроведувањето;

-Се утврдува начинот на финансирање.

IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за управување со отпад ќе ја изведува ЈКП Дервен како овластен оператор за постапување со комуналниот, комерцијалниот, индустриски неопасниот отпад и отпадот од пакување кој претставува комунален отпад во општинатаво соработка со Општина Велес.

I
V.ПРОГРАМСКИ ОБЛАСТИ
V.1 ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН, КОМЕРЦИЈАЛЕН И ИНДУСТРИСКИ НЕОПАСЕН ОТПАД

Задача 1: Замена на отслужени садови за собирање отпад од 5м3 со новиконтејнери од 1,1м3

Ќе се продолжи со замена на преостанатиот дел од дотраените и стари контејнери на "жешки точки" низ градот со нови контејнери, ќе се продолжи со редовно одржување на контејнерите, за контејнерот да ја врши функцијата и да не ја нагрдува околината.

